Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-53/1
11-01-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 567/1 од 04.11.2022 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-567/1 од 04.11.2022 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

## Образложение

На 04.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата во два наврати на 15.11.2022 година и 21.12.2022 година, согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на наведената адреса на подносителот достави барање бр. 08-567/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе целосни податоци, односно адреса на седиште на правното лице против кое се поднесува претставката.

Подносителот во рокот предвиден во барањето не ја доуреди претставката.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери